Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-1258/20
25.07.2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2 и член 9 алинеја 2 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на 231-та седница одржана на ден 25.07.2024 година донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛИМИТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ НА ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ НА СУДСКАТА ВЛАСТ

1. Судскиот буџетски совет донесува одлука за определување на лимит за користење на службени мобилни телефони на месечно ниво утврден со оваа одлука за следните единки корисници:

- За Врховен суд на Република Северна Македонија вкупен лимит во износ од 17.000,00 денари;
- За Виш управен суд вкупен лимит во износ од 10.000,00 денари;
- За Управен суд вкупен лимит од 10.000,00 денари;
- За Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ вкупен лимит во износ од 10.000,00 денари;
- За Апелационите судови во Битола, Гостивар и Штип вкупен лимит во износ од по 8.000,00 денари, а за Апелационен суд Скопје вкупен лимит во износ од 10.000,00 денари;
- За основните судови со проширена надлежност вкупен лимит во износ од по 7.000,00 денари, за Основниот кривичен суд Скопје вкупен лимит во износ од 25.000,00 денари и за Основниот граѓански суд Скопје вкупен лимит во износ од 12.000,00 денари;
- За основните судови со основна надлежност вкупен лимит во износ од по 5.000,00 денари.

2. Во определените лимити не влегува потрошениот износ на средствата за користење на службен мобилен телефон на Претседателот на судот, односно Директорот на Академијата.

3. Определениот лимит секоја единка корисник самостојно го распределува на поединичените корисници на службен мобилен телефон (по категории на вработени и нивен број) по сопствен избор.

4.Средствата за плаќање на сметките за службените мобилни телефони, а кои се во рамките на претходно наведените лимити, се обезбедуваат со годишната распределба на судскиот буџет за тековната фискална година, за секоја единка корисник. Разликата меѓу определениот лимит и евентуално повисокиот износ на сметката ја подмирува самостојно корисникот на службениот мобилен телефон преку соодветната единка корисник.

5. Лимитите за користење на службени мобилни телефони на месечно ниво наведени во точка 1 од оваа одлука ќе се применуваат со склучување на нови договори по спроведена нова постапка за групна јавна набавка на мобилни телекомуникациски услуги за единките корисници на судската власт.

До започнување на примената на лимитите од точка 1 на оваа одлука ќе се применуваат следните лимити за користење на службени мобилни телефони на месечно ниво:

За Врховен суд на Република Северна Македонија вкупен лимит во износ од 15.000,00 денари;

- За Виш управен суд вкупен лимит во износ од 8.000,00 денари;
- За Управен суд вкупен лимит од 8.000,00 денари;
- За Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" вкупен лимит во износ од 8.000,00 денари;
- За Апелационите судови во Битола, Гостивар и Штип вкупен лимит во износ од по 6.000,00 денари, а за Апелационен суд Скопје вкупен лимит во износ од 8.000,00 денари;
- За основните судови со проширена надлежност вкупен лимит во износ од по 5.000,00 денари, за Основниот кривичен суд Скопје вкупен лимит во износ од 20.000,00 денари;
- За основните судови со основна надлежност вкупен лимит во износ од по 3.000,00 денари.

6. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.

7. Со денот на стапувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на лимит за користење на службени мобилни телефони бр.02-384/18 од 22.03.2016 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**